**16.11.2021**

.

.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општина Демир Хисар

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Municipality of Demir Hisar

Бр. 09- 1119/1
Датум: 16.11.2021
Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 алинеја 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија 5/02") како и членовите 94 став 1 и 139 став 2 точка 15 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21) , а во врска со Правилата за работа на месните заедници во Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.14/13 и 16/13), Градоначалникот на Општина Демир Хисар ја донесе следнава:

Одлука
за распишување на избори во месните/урбани заедници во Општина Демир Хисар

Член 1

Се распишуваат избори во месните/урбани заедници во Општина Демир Хисар.

Изборните дејствија ќе се одвиваат според одредбите на Законот за локална самоуправа, Статутот на Општина Демир Хисар и Правилата за работа на месните заедници во Општина Демир Хисар.

Член 2

Поради унифицираност на постапката, изборите во сите месни/урбани заедници во Општина Демир Хисар ќе се одржат на 8.12.2021 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Никола Најдовски

Се известуваат граѓаните на Општина Демир Хисар дека се донесе Одлука за
распишување на избори во месните заедници/урбани заедници кои ќе се одржат на 8.12.2021 година.